Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 8 октомври 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2024 година**

Седницата започна во 12 : 30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, како и Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Мевјудин Авдија, директор и Ниметула Рамадани, раководител на сектор за маркетинг во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, Весна Змајшек, претставник од Царинска управа и Мартина Басарова Ѓеровска и Андреа Петрова Ѓочевски,

претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Зоран Љутков, министер за култура и туризам.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 22-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2024 година**

1. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година

2. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

3. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 август 2024 година до 21 август 2024 година

4. Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 29 август 2024 година до 4 септември 2024 година

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 август 2024 година до 26 август 2024 година

6. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 август 2024 година до 2 септември 2024 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 август 2024 година до 2 септември 2024 година

8. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог - одлуки

9. Годишна сметка, Извештај за работа на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2023 година и финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2023 година, со Извештај од независен ревизор и прилози, со предлог - одлуки

10. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2023 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година и прилози и со предлог - одлуки

11. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје за периодот април-јуни 2024 година

12. Предлог - одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

13. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ и Тарифник за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со предлог - одлуки

14. Предлог - одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка

15. Предлог - уредба за гаранции за потекло (*)

16. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година

17. Предлог - програма за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година

18. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2024 година

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+0.000 - км 10+424.89, КО Кичево вон град, Општина Кичево, за изградба на одлагалишта за одлагање на вишок ископ на земјан материјал, Одлагалиште 1 на стационажа 2+200, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10 (20) kV приклучен вод за трафостаница ТС 10 (20)/04 kV каменолом „Гроот“ КО Велес, Општина Велес, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-стаја за крави, КО Држилово, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

22. Информација за состојба со расчистување на површини под шума во корито на езеро Конско

23. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“- п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог - одлука

24. Информација за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Брејнчајлд производство увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со текст на Договор

25. Предлог - одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Крива“, Општина Неготино

26. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Стенковец“, с.Бразда, Општина Чучер Сандево

27. Предлог - одлука за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Вртешка“, с.Пиперово, Општина Штип

28. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „с.Чардаклија“, Општина Штип

29. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Зли Дол“, с.Велмевци, Општина Демир Хисар

30. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Ѓопчели“, Општина Дојран

31. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Лира“ во атарот на с.Негорци, Општина Гевгелија

32. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон за 2025 година, со прилози

33. Годишен извештај за 2023 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

34. Предлог на закон за изменување на Законот за иновациската дејност, по скратена постапка

35. Предлог на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, по скратена постапка

36. Предлог на закон за изменување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка

37. Предлог на закон за изменување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка

38. Предлог на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка

39. Предлог на закон за изменување на Законот за Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по скратена постапка

40. Информација за давање одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ – Скопје, со прилози и Предлог - одлука

41. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование со ослободување од партиципација на деца Роми од семејства во социјален ризик, за периодот 1.1.2024-30.6.2024 година, со прилог

42. Информација за ментално здравје и психо-социјална добросостојба на децата и адолесцентите во Република Северна Македонија, со Акциски план

43. Предлог - програма за субвенции од областа на спортот за 2024 година

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 ми септември“- Скопје

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 ми септември“- Скопје

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Скопје

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за спорт

51. Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2023 година

52. Годишна програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година и Решение за измена и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година

53. Иницијатива од Љупчо Докузов, адвокат од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.176/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизулни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/23)

54. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.173/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 210 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

55. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.161/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 137 во делот „односно по донесувањето на решението во обновената постапка по службена должност“ и член 150 став 3 во делот „од конечноста на решението со кое е утврдена промената“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

56. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.156/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

57. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.184/2024, поднесена од Игорчо Точев од Скопје, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20 став 6 во делот: „и висината на надоместокот“ од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21) и за оценување на уставноста и законитоста на Решението за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр.11-1526/1 од 14 мај 2024 година, на министерот за животна средина и просторно планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/24)

58. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 142/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став (1) точка 62 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/22 и 64/24)

59. Иницијатива од Марјан Максимоски, адвокат од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.168/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 73 ставови 2 и 3 алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23)

60. Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4134, за КО Драчево 2, на КП бр.7508, викано место/улица „Јурии“

61. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.50443, за КО Гази Баба, на КП бр.1360/16, викано место/улица „ул.Перо Наков“

62. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3126, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2880, викано место/улица „Чар“

63. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1903, за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак“

64. Кадровски прашања

65. Прашања и предлози

66. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2023 година

67. Извештај за финансиско работење на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за првиот квартал на 2024 година

68. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година

69. Тримесечен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година

70. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

71. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

72. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

73. План за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година

74. Информација за изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет, со усогласен текст на Спогодба

75. Информација за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на Европската Унија

76. Информација за мерење на квалитет согласно Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите (со предлог институции за 2024 година), со текст на Методологија

77. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Координативно тело за управување со системот за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба, со Предлог-одлука

78. Информација за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје, со Предлог-одлука

79. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите

80. Информација за забрзана, ефикасна реализација на активностите за поставување базни станици и апроксимација на регулативата (ЕУ) 2024/1309, со прилог

81. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата

82. Информација за коорганизација и претставување на Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија“, кој ќе се одржи во Србија од 22 до 24 ноември 2024 година

83. Информација за номинирање на Национален назначен орган (NDA National designated authority), национален координатор (Focal point) и технички национален координатор (Technical focal point) за зелениот климатски фонд

84. Информација во врска со номинирање на национален кординатор за имплементација на стратегијата за Роми 2022-2030 и национална контакт - точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030, формирање на национално координативно тело за следење на имплеметацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и Предлог за ревидирање и измена на Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030

85. Информација во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 август 2024 година до 21 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна

состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 29 август 2024 година до 4 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено -поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 август 2024 година до 26 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено -поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 август 2024 година до 2 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 август 2024 година до 2 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог – одлуки, ја усвои и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија и труд.

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура и туризам.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Оперативно – техничката агенција.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за европски прашања.

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи.

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Царинска управа.

**Точка 9**

Владата по Годишната сметка, Извештајот за работа на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2023 година и финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2023 година, со Извештај од независен ревизор и прилози, со предлог – одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево за 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии, во однос на намалување на непродуктивните расходи и изнаоѓање на конечно решение за наплата на побарувањата.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2023 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година и прилози и со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2023 година.

2. Ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2023 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии, а предлагачот наведените средства да ги искористи за неопходното одржување на силосите на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2023 година во Општина Прилеп.

**Точка 11**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје за периодот април-јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува за порационално трошење и намалување на расходите согласно укажувањето на Министерството за финансии.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Истовремено, се задолжува Акционерското друштво да подготви акциски план со динамика за раздолжување на сите долгови и истиот да го достави на разгледување на некоја од наредните седници на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 13

Владата по Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ и Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со предлог-одлуки, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка.

## Точка 15

Владата ја донесе Уредбата за гаранции за потекло (*), со заклучок Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ и кореспондентни табели.

## Точка 16

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година.

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2024 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+0.000 - км 10+424.89, КО Кичево вон град, Општина Кичево, за изградба на одлагалишта за одлагање на вишок ископ на земјан материјал, Одлагалиште 1 на стационажа 2+200, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+0.000 - км 10+424.89, КО Кичево вон град, Општина Кичево, за изградба на одлагалишта за одлагање на вишок ископ на земјан материјал, Одлагалиште 1 на стационажа 2+200.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10 (20) kV приклучен вод за трафостаница ТС 10 (20)/04 kV каменолом „Гроот“ КО Велес, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10 (20) kV приклучен вод за трафостаница ТС 10 (20)/04 kV каменолом „Гроот“ КО Велес, Општина Велес.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-стаја за крави, КО Држилово, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-стаја за крави, КО Држилово, Општина Сопиште.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за состојба со расчистување на површини под шума во корито на езеро Конско, ја усвои и го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје да изврши расчистување и отстранување на посечената и дотурена дрвна маса која се наоѓа во коритото на езеро Конско.

Дрвната маса по отстранувањето и расчистувањето да се отстапи од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“- п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информација за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Брејнчајлд производство увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Брејнчајлд производство увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со текст на Договор.

2. Договорт за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Брејнчајлд производство увоз-извоз ДООЕЛ Битола, ќе го потпише претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии да достави дополнителни податоци по однос на оваа информација, согласно расправата на седницата на Владата.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Крива“, Општина Неготино.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Стенковец“, с.Бразда, Општина Чучер Сандево.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Вртешка“, с.Пиперово, Општина Штип.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „с.Чардаклија“, Општина Штип.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Зли Дол“, с.Велмевци, Општина Демир Хисар.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Ѓопчели“, Општина Дојран.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Лира“ во атарот на с.Негорци, Општина Гевгелија.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон за 2025 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на други институции кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во рок од 30 дена, да го известат Министерството за одбрана за потребата од пополнување на работни места со

преглед на број на лица дадени во прилозите бр. 1 и бр. 2 за преземање и прераспоредување согласно образовниот профил и професионалните компетенции кои ги стекнале во Армијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за јавна администрација, во рок од 30 дена, да даде согласност на актите за систематизација на Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за култура и туризам, Управата за хидрометеоролошки работи, јавните установи од областа на здравство, кои се произнеле дека имаат потреба за преземање и прераспоредување на професионалните војници со навршени 45 години возраст.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од 15 дена од завршување на секоја постапка за преземање, да достави известување за ослободување на финансиски средства од буџетот на Министерството за одбрана до Министерството за финансии.

4. Се задолжува Министерството за одбрана во 2025 година, на квартално ниво да ја известува Владата на Република Северна Македонија за динамиката на преземање на професионалните војници со навршени 45 години возраст за 2025 година.

## Точка 33

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2023 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, како материјал за информирање.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за иновациската дејност, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за научно -истражувачката дејност, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р. Весна Јаневска, министер за образование и наука и

проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука.

**<u>Точка 40</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ – Скопје, со прилози и Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование со ослободување од партиципација на деца Роми од семејства во социјален ризик, за периодот 1.1.2024-30.6.2024 година, со прилог, ја усвои Информацијата и им препорача на општините, наведени во Прилог 1, да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на вкупно 350 деца Роми на возраст од 3 до 6 години за учебната 2024/2025 година, во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“ и до 30 октомври 2024 година за презелената активност да го информираат Министерството за социјална политика демографија и млади.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за ментално здравје и психо-социјална добросостојба на децата и адолесцентите во Република Северна Македонија, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за ментално здравје на деца и адолесценти 2024-2030 година.

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја донесе Програмата за субвенции од областа на спортот за 2024 година.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 ми септември“- Скопје.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 - ми септември“- Скопје.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Скопје.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за спорт.

**Точка 51**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 36 ставови (1) и (4) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), секоја година, најдоцна до 30 април, Регулаторната комисија за енергетика до Собранието доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на надлежноста во согласност со овој и друг закон и за материјало – финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 35, став 1, од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:
- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас кои можат да вршат дејност во Република Северна Македонија,
- надоместоци од постаката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа и водни услуги,
- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и странски друштва кои вршат дејност во Република Северна Македонија и
- посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на даватели на водни услуги, остварен од давањето на водни услуги.

Во однос на пазарот на електрична енергија, во Извештајот е наведено дека во текот на 2023 година е забележан огромен интерес за инвестирање во обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст ОИЕ), што доведе инсталиранаата моќност на електроцентралите од ОИЕ да учествува во вкупниот инсталиран капацитет со 50%, додека во вкупното производство учествува со 33%. Најзабележителен е порастот во производството на електрична енергија од фотонапонските електроцентрали од 287% во 2023 година споредено со 2022 година, односно истото изнесува 298 GWh. Во 2023 година се изградени 531 нови електроцентрали со инсталирана моќност од 367 MW, односно производствениот капацитет е зголемен за 40%. Доминираат 527 новоизградени фотонапонски електроцентрали со инсталирана моќност од 362 MW. Вкупниот број на електроцентрали од обновливи извори во 2023 година изнесува 1.147 со инсталирана моќност од 1.311 MW. Во мај 2023 година за првпат во Република Северна Македонија започна да функционира македонската берза на електрична енергија за временскиот период ден однапред управувана од страна на оператор на организираниот пазар на електрична енергија, МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Во текот на 2023 година се зголеми и бројот на активни снабдувачи со електрична енергија, којшто изнесуваше 21. Ова се рефлектираше, меѓу другото, и врз цените на крајните потрошувачи коишто во 2023 година беа пониски за околу 43% во однос на 2022 година, меѓутоа не го достигнаа нивото од 2021 година.

Во 2023 година, помалку од половината од вкупната потрошувачка, односно 48,2% од потребите се обезбедени од отворениот пазар на електрична енергија. Околу 27% од правните субјекти се снабдуваа со електрична енергија на слободниот пазар, додека останатите, како и домаќинствата, се снабдуваа преку универзалниот снабдувач со електрична енергија ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Нето-потрошувачката на електрична енергија, во 2023 година, изнесува 5.781 GWh и е намалена за 13,05% во однос на потрошувачката во 2022 година.

Во текот на 2023 година со системот за пренос на природен гас управуван од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас

НОМАГАС Скопје во државна сопственост беа пренесени 3.906.428.974 kWh природен гас, што претставува зголемување на потрошувачката од минатата година. Причина за раст во пренесените количества на природен гас е, пред сè, кризната 2022 година кога имаше голем пораст на цените на природниот гас на меѓународните пазари и големата ценовна неизвесност и нестабилност.

Во текот на 2023 година е започната постапката за сертификацијата на операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Во декември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика донесе нова тарифа за пренос на природен гас за 2024 година. Просечната тарифа изнесува 0,1321 ден/kWh и бележи зголемување од 8,62% во однос на тарифата за 2023 година којашто изнесуваше 0,1216 ден/kWh.

Бројот на приклучоци на системот за пренос на природен гас во последните години е во пораст, од 45 приклучоци во 2010 година до 63 приклучоци во 2023 година. Во 2023 година од вкупно 63 приклучоци на системот за пренос на природен гас, 44 биле активни приклучоци.

Фактори кои имаа големо влијание на пазарот со нафта во светот во 2023 година, се војната во Украина и кризата на Блискиот Исток, кои предизвикаа скок на цените на нафтата, но сепак, државните интервенции и мерките на европските земји за замена на рускиот увоз со снабдување со нафта од други правци резултираа со пониски цени. Цените на нафтата во втората половина на 2023 година се вратија на нивоата пред руската агресија, така што цената на нафтата од типот Brent се стабилизира на околу 80 УСА долари/барел на крајот на 2023 година, што е нешто поскапо од пред војната, но и значително поевтино отколку во времето пред Парискиот договор во 2015 година.

Регулаторната комисија за енергетика четврта година по ред ги објавува HHI (Herfindahl-Hirschman Index) индексите за оценка на пазарната концентрација кај пазарите на електрична енергија, природен гас и нафтени деривати.

Од презентираните податоци во Извештајот може да се увиди дека висока е концентрацијата при продажба на електрична енергија на крајни корисници и продажба на мало на природен гас.

Во текот на 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, согласно со овластувањата утврдени во Законот за енергетика* и Законот за енергетска ефикасност* ги донесе актите наведени во Извештајот.

Имајќи предвид дека Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисја за енергетика за 2023 година, содржи детални информации за активностите кои произлегуваат од Законот за енергетика и Законот за енергетска ефикасност, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 52

Владата ги разгледа Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година и Решението за измена и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 9 точка 2) од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), главниот државен ревизор ја донесува Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и истата согласно член 23 став (2) од Законот ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до декември тековната година за наредната година, заради информирање.

Согласно доставената Годишна програма, Државниот завод за ревизија во текот на 2024 година планира да изврши вкупно 73 ревизии, од кои 61 ревизија се однесуваат на ревизија на регуларност, 11 ревизии на успешност и 1 ревизија на усогласеност.

Во однос на организационата поставеност, Државниот завод за ревизија, Годишната програма за работа ќе ја реализира со вкупно 120 вработени (овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени во секторите за административна поддршка на ревизијата).

Согласно член 12 став (1) од Законот за државната ревизија, средствата за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Планираните финансиски средства за извршување на активностите содржани во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година изнесуваат 188 милиони денари, од кои 82% (151 милиони денари) се за плати и надоместоци на вработените, 13% (24 милиони денари) за стоки и услуги, 4% (7 милиони денари) за капитални расходи и 0,3% (637 милиони денари) за субвенции и трансфери.

Исто така, во доставената Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, меѓу другото, планирани се и активности поврзани со стратешки документи, меѓународна соработка, транспарентноста, отчетноста и односите со засегнатите страни, како и активности поврзани со едукација на ревизорите.

Согласно доставеното Решение за измена и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година, Државниот завод за ревизија врши измени и дополнувања во точката 5.3 Избор на субјекти за вршење ревизија и во Прилог 1 (Преглед на планирани ревизии).

Измените и дополнувањата во точката 5.3 од Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година се во насока на зголемување на бројот на ревизии кои Државниот завод за ревизија планира да ги изврши во текот на

2024 година, како и планирање на најмалку една ревизија во реално време по примени барања како резултат на меѓу институционална соработка на надлежните органи во Република Северна Македонија за борба против корупција или други правни или физички лица, која претходно не беше дел од Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија.

Имено, Државниот завод за ревизија планира во текот на 2024 година да изврши вкупно 77 ревизии наместо претходно планираните 73 ревизии. Притоа, зголемувајќи го бројот на ревизиите на успешност и ревизиите на усогласеност, односно од претходно планирани 11 ревизии на успешност сега се планираат вкупно 13 ревизии на успешност и 2 ревизии на усогласеност наместо претходно планираната 1 ревизија на усогласеност. Бројот на планираните ревизии на регуларност останува непроменет (61 ревизија на регуларност).

Оттука, согласно вкупно планираните ревизии за 2024 година, 24 ревизии се согласно прифатени барања доставени од засегнати страни (претходно 23 ревизии) и 48 ревизии се предложени од секторите за ревизија во Државниот завод за ревизија (претходно 46 ревизии). Бројот на ревизии кои се задолжителни и се вршат еднаш годишно согласно член 23 став (1) од Законот за државната ревизија останува непроменет (4 ревизии).

Исто така, согласно планираните ревизии за 2024 година, Државниот завод за ревизија го зголемува и бројот на ревизии на успешност кои планира да бидат спроведени во соработка со други врховни ревизорски институции (ВРИ) и меѓународни организации, како и ревизиите на успешност, кои во целост се поврзани со Националната развојна стратегија 2024-2044 година. Притоа, од планираните ревизии Државниот завод за ревизија планира најмалку 10 ревизии на успешност да бидат спроведени во соработка со други ВРИ и меѓународни организации (претходно планирани најмалку 8 ревизии) и 13 ревизии на успешност кои во целост се поврзани со горенаведената стратегија (претходно планирани 11 ревизии).

По однос на измените во Прилог 1 (Преглед на планирани ревизии) кој е составен дел на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, истите се во насока на дополнување на делот на Ревизии на успешност/Ревизии на усогласеност/ИТ Ревизии со следните ревизии: подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатските промени, можноста за употреба на вештачката интелегенција во јавниот сектор, ревизија на јавна набавка на машина за хоризонтална сигнализација и со гореспоменатите ревизии во реално време по примени барања како резултат на инстутиционална соработка на надлежните органи во Република Северна Македонија против корупција.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година и Решението за измена и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата од Љупчо Докузов, адвокат од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.176/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизулни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/23) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста и законитоста на член 141-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), воведен со член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/24) и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/24), дека е во спротивност со принципот на владеење на правото и правната сигурност од член 8 став (1) алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија и директно се повредуваат основните слободи и права на човекот и граѓанинот загарантирани со одредбите од член 9, член 16, член 51, член 55 и член 58 од Уставот на Република Северна Македонија, дека е во спротивност со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот (Европската комисија за човекови права) и сите одлуки, резолуции и препораки на Советот на Европа во делот на аудиовизуелните медиумски услуги, како и дека се повредува уставната гаранција на владеење на правото и слободата на пазарот и претприемништвото и дека не се обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот (телевизии кои емитуваат програма на државно ниво), во поглед на слободното движење на капиталот и слободното уживање на сопственоста, и наведувате дека не се предвидени исти права и обврски за правни лица кои се на исто ниво и извршуваат иста дејност и кои треба да бидат еднакви на пазарот. Исто така, во Иницијативата наведувате дека оспорените одредби не се дел од препораките на Венецијанската комисија, ниту од Програмата за прием на правото на Европската Унија во Република Северна Македонија, ниту дека се во корелација со одредбите од новиот Европски закон за слобода на медиумите од 2024 година со кој се воспоставува заедничка рамка за медиумските услуги на ниво на Европската Унија и се воведуваат мерки насочени кон заштита на новинарите и медиумите од политичко мешање, а истовремено треба да придонесе за олеснување на нивното работење.

Согласно член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство,

а Министерството за дигитална трансформација е надлежно за радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура.

Во однос на наводите изнесени во самата Иницијатива, Владата на Република Северна Македонија смета дека истите се неосновани, поради следното:

Со Законот за аудио и аудиовизиелни медиумски услуги Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудио-визуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Целта на овој закон е во Република Северна Македонија особено да се обезбеди поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи.

Програмски сервис или програмски канал е целина од програми и други елементи на една единствена аудио или аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува конкретен радиодифузер и што е наменета за прием од страна на јавноста (член 3 точка 12.).

Реемитување на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга која ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и претставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста (член 3 точка 18.).

Со член 44 се гарантира слободата на прием и реемитување на аудио или аудиовизуелните медиумски услуги од државите членки на Европската Унија и другите европски држави потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа на територијата на Република Северна Македонија.

Во член 45 е регулиран исклучокот на член 44, односно Агенцијата презема соодветни мерки со кои времено ја ограничува слободата на прием, односно реемитување на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од земјите членки на Европската Унија на територијата на Република Северна Македонија.

Во член 63 е утврден начинот на телевизиско или радио емитување, и тоа емитување на телевизиски програмски сервис може да се врши преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, а емитување на радиопрограмски

сервис може да се врши преку радиофреквенции, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит.

Во член 66 е утврдена надлежноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да води регистар на радиодифузери на Република Северна Македонија, кој треба да содржи и податок за начинот на емитување на програмскиот сервис (радиофрекфенција, дигитален терестријален мултиплекс, сателит или јавна електронска комуникациска мрежа).

За програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплек и за програмскиот сервис на терестријална телевизија доколку се емитува преку ограничен ресурс може да се емитува само преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, дозвола за радио емитување, односно дозвола за телевизиско емитување доделува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по пат на јавен конкурс.

Согласно член 77 став (4) од истиот закон, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од пет дена од денот на издавањето на дозволата за емитување преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, или преку јавна електронска комуникациска мрежа, писмено да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис. Операторот на дигитален терестријален мултиплекс ќе склучи договор со радиодифузерот кој од Агенцијата има добиено дозвола за телевизиско или радио емитување, за емитување на неговиот програмски сервис во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член, согласно со одредбите од Законот за електронските комуникации кои се однесуваат на емитувањето преку дигитален терестријален систем.

Законот за аудио и аудиовизиелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13) во VIII.Реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи е регулирано реемитувањето на програмските сервиси, надоместокот за надзор, обврските на операторот кој реемитува програмски сервиси, дополнителни обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси и глобата.

Членот 141 од Законот за аудио и аудиовизиелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13), Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа пред да започне со реемитување на програмски сервиси во Агенцијата доставува пријава за негово евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрација на програмските сервиси кои ќе ги реемитува како целина во вид на програмски пакет.

(2) Пријавата од ставот (1) на овој член особено содржи:
- фирма и седиште, односно назив и адреса на операторот;
- име и презиме на одговорното лице на операторот;

- програмскиот пакет, односно листа на програмски сервиси од радиодифузери кои операторот планира да ги реемитува;
- начин на кој операторот ќе го обезбедува програмскиот пакет;
- подрачје на кое операторот ќе го обезбедува програмскиот пакет (сервисна зона) и
- датум на започнување со обезбедување на програмскиот пакет.

(3) Агенцијата со подзаконски акт ќе ги пропише содржината и формата на пријавата и потврдата за регистрација. Образецот на пријавата се објавува на веб - страницата на Агенцијата.

(4) Со пријавата одговорното лице на операторот доставува и изјава со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) на овој член има уредено авторски и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.

(5) Доколку пријавата е нецелосна, односно не ги содржи податоците утврдени во ставовите (2) и (4) на овој член, Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на пријавата, за тоа писмено ќе го извести операторот и ќе го задолжи во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето да ја комплетира пријавата.

(6) Доколку оперататот не постапи по писменото известување од ставот (5) на овој член ќе се смета дека пријавата не е доставена.

(7) Агенцијата во рок од седум дена од денот на приемот на целосната пријава ќе издаде потврда за регистрирање на програмскиот пакет на операторот.

(8) Агенцијата е должна во рок од пет работни дена од денот на издавањето на потврдата од ставот (7) на овој член истата да ја достави до Агенцијата за електронски комуникации.

(9) Агенцијата води регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети и истиот особено содржи:
- назив и адреса на операторот,
- име и презиме на одговорното лице на операторот,
- програмски пакет, односно листа на програмски сервиси за кои операторот има регулирано авторски и сродни права за нивно реемитување и
- подрачје на кое операторот ќе ги реемитува програмските сервиси (сервисната зона).

(10) Агенцијата ги објавува на својата веб - страница податоците од регистарот од ставот (9) на овој член.

(11) За промена на податоците наведени во ставот (2) на овој член, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настанатата промена. Доколку се врши промена во програмскиот пакет, по сопствена иницијатива или врз основа на правосилна судска одлука, операторот е должен да достави и нова изјава од ставот (4) на овој член. Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на

приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за електронски комуникации.

(12) Агенцијата е должна во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член за извршената промена да ја евидентира промената во регистарот од ставот (9) на овој член.

(13) Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис. За донесеното решение Агенцијата ја известува Агенцијата за електронски комуникации и имателот на авторските и сродните права. Решението за исклучување на програмскиот сервис со детално образложение, се објавува на веб - страницата на Агенцијата во рок од три дена од денот на неговото донесување.

(14) Агенцијата ќе го избрише операторот кој реемитува програмски сервиси од регистарот од ставот (9) на овој член, доколку:
- во писмена форма ја извести Агенцијата дека престанал да ја врши дејноста,
- престане да ја извршува дејноста во период подолг од една година,
- не започне да ја врши дејноста од датумот наведен во пријавата, а не ја извести Агенцијата за промена на истиот,
- со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност и
- престанал да постои.

(15) Формата и содржината на регистарот од ставот (9) на овој член ги пропишува Агенцијата.

(16) Пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрацијата на програмските сервиси во вид на програмски пакети може да се врши и по електронски пат вклучувајќи ги и сите натамошни дејствија околу промените на истите на начин кој ќе го пропише Агенцијата.

Со член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/24) се менуваат ставовите (4) и (11) од членот 141. (4) Со пропишува дека со пријавата одговорното лице на операторот доставува изјава со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) алинеја 3 на овој член го има уредено авторското право и сродните права, согласно со прописите за авторското право и сродните права и копија заверена на нотар од договорите за реемитување на програмските сервиси од членот 143 став (2) од овој закон со кои се уредуваат авторското право и сродните права, согласно со прописите за авторското право и сродните права. (11) За промена на податоците наведени во ставот (2) на овој член, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настанатата промена. Доколку се врши промена во програмскиот пакет, по сопствена

иницијатива или врз основа на правосилна судска одлука, операторот е должен да достави и нова изјава и копија заверена на нотар од нов договор за реемитување на програмските сервиси, од ставот (4) на овој член. Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за електронски комуникации.

Со член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/24) е утврдено дека по членот 141 се додава нов наслов и нов член 141-а, кои гласат:
„Реемитување на програмски сервиси кои се емитуваат на дигитален терестријален мултиплекс

Член 141-а
(1) Радиодифузерите кои емитуваат програмски сервиси преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс се должни да понудат склучување договор за реемитување на нивните програмски сервиси на сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.

(2) Радиодифузерите од ставот (1) на овој член се должни да објават јавен повик до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи за склучување договор за реемитување на програмските сервиси.

(3) Радиодифузерите од ставот (1) на овој член имаат право на надоместок за реемитување на нивните програмски сервиси од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

(4) Радиодифузерите од ставот (1) на овој член и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ќе се спогодат за реемитување на програмските сервиси, своите односи ги уредуваат со договор склучен согласно со прописите за авторското право и сродните права и со другите прописи кои ги уредуваат договорните и облигационите односи".

Со членот 16 Преодни и завршни одредби од истиот закон се утврдува: „Радиодифузерите кои емитуваат програмски сервиси преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавниот повик од членот 141-а став (2) од овој закон ќе го објават во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Согласно член 8 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 16 од Уставот се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Со член 51 од Уставот во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со член 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Со член 58 од Уставот е предвидено дека сопственоста на трудот се основа за управување и учество во одлучувањето. Учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Република Северна Македонија како држава кандидат за членство во Европската Унија е обврзана да го вгради правото на Европската Унија во националната правна рамка во сите релевантни области. Тоа ја вклучува и обврската за усогласување на националното медиумско законодавство со правото на Европската Унија и медиумските стандарди. Во Извештајот за Северна Македонија за 2022 година, Европската комисија ги повтори препораките од Извештајот за напредокот од 2021 година дека Република Северна Македонија, во врска со јакнењето на слободата на изразувањето, треба, меѓу другото, да ја ревидира правната рамка со која се уредува областа на медиумите во согласност со правото на Европската Унија и европските стандарди, особено преку продолжување на активностите за усогласување на националните закони со ревидираната Директива за аудиовизуелните медиумски услуги. Општата цел на промените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е усогласување со Директивата за аудиовизуелните медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808 и со соодветните европски стандарди.

Во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија за 2023 година, е нотирано дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во голема мера усогласен со правото на Европската Унија, по законските измени од јули 2023 година. Понатаму, правната рамка што го опфаќа функционирањето на медиумите треба дополнително да се подобри, во согласност со правото на Европската Унија и со меѓународните стандарди.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има за цел, меѓу другото, да обезбеди развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; промовирање на слободата на изразување; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Северна Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници; поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој и поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи. Имајќи го предвид развојот на техниката и на технологијата, а особено во светло на можности за пристап до емитуваните радио и телевизиски програмски сервиси од домашни радиодифузери преку јавни електронски комуникациски мрежи се наметнува потребата на целата територија на државата на секој граѓанин да му се обезбеди пристап до радио и телевизиските програмски сервиси на локално, регионално и национално ниво соодветно.

Одредбите од членот 141-а Реемитување на програмските сервиси кои се емитуваат на дигитален терестријален мултиплекс, не може да се гледаат никако поинаку освен како дополнување на главата VIII.Реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи, поконкретно на член 141 Реемитување на програмски сервис, а имајќи ги предвид јасно утврдените дефиниции за програмски сервис или програмски канал, реемитувањето на програмски сервиси, гарантираната слобода на прием и реемитување на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, утврдениот начин на телевизиско или радио емитување, регистарот на радиодифузери, јавниот конкурс за добивање на дозвола за радио или телевизиско емитување, склучувањето договор помеѓу операторот на дигиталниот терестријален мултиплекс со радиодифузерот.

Член 141-а не предвидува задолжителни облигациони односи, склучување на договор помеѓу трговски друштва основани со приватен капитал. Законот предвидува дека радиодифузерите се должни да понудат склучување договор за реемитување на нивните програмски сервиси на сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, но став (4) од член 141-а утврдува дека операторите имаат можност и да не склучат договор за реемитување на програмските сервиси.

Односно, радиодифузерите за преносот на правото на реемитување ќе имаат право на надоместок преку слободно договарање со операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во рамките на режимот на авторското и на сродните права.

(4) Радиодифузерите од ставот (1) на овој член и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ќе се спогодат за реемитување на програмските сервиси, своите односи ги уредуваат со договор склучен согласно со прописите за авторското право и сродните права и со другите прописи кои ги уредуваат договорните и облигационите односи.

Со овој став се утврдува дека Радиодифузерите и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи може и да не се спогодат за реемитување на програмските сервиси, а доколку се спогодат, односите ќе ги уредат со договор склучен согласно со прописите за авторско право и сродните права, како и со другите прописи кои ги уредуваат договорните и облигационите односи.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека Иницијативата У.бр.176/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 141-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) од адвокат Љупчо Докузов од Штип е неоснована и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и соодветно со Законот.

## Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.173/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 210 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со член 210 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93) престанува да важи Законот за пензиско и инвалидско осигурување на воените осигуреници, освен главите XI и XII од истиот закон, кои се однесуваат на здравственото осигурување и правото на додаток за деца на воените осигуреници.

Воените осигуреници кои се активно вработени во безбедносните сили, правото на здравственото осигурување го остваруваат по основ на заснован работен однос согласно на одредбите на Законот за работните односи.

Што се однесува пак до воените осигуреници, кај кои настапила инвалидност поради болест, повреда и др. правото на здравствено осигурување и правото на додаток за деца го остваруваат согласно член 18 од Законот за правата на воените

инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/96), кој гласи:

„Воените инвалиди од војните, мирновременските воени инвалиди (во натамошниот текст: воени инвалиди), членовите на нивните семејства, како и членовите на семејствата на паднатите борци ги имаат следниве права:

1) лична инвалиднина;
2) семејна и зголемена семејна инвалиднина;
3) инвалидски додаток;
4) додаток за нега и помош од страна на друго лице;
5) ортопедски додаток;
6) бањско и климатско лекување;
7) право на патничко моторно возило;
8) додаток на деца и
9) професионална рехабилитација, здравствена заштита, помош во случај на смрт и бесплатен и повластен превоз.“.

Имајќи го предвид предходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот член 210 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и сите други прописи со Уставот, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 210 од наведениот закон.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.161/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 137 во делот „односно по донесувањето на решението во обновената постапка по службена должност“ и член 150 став 3 во делот „од конечноста на решението со кое е утврдена промената“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива се оспорува уставноста на одредбите од член 137 во делот: „односно по донесување на решението во обновената постапка по службена должност“ и член 150 став (3) во делот: „од конечноста на решението со кое е утврдена промената“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поради тоа што овие одредби од Законот се спротивни на член 8, став (1), алинеја три од Уставот на Република Северна Македонија, кој се однесува на темелната вредност „владеење на правото“ и член 9, став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“

Во образложението на Иницијативата се наведени причините за побивање на уставноста на оспорените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, според кои:

- наведените одредби имаат елементи на строга конкретност и се однесуваат за точно одредени лица врз кои преземените различни непосредни правни дејствија имаат различни последици, а истите тие лица пред да се преземат тие правни дејствија се во иста фактичка и правна состојба. Управните акти донесени врз основа на овие одредби не само што имаат различно време на почетно дејствие, имаат различни трајни последици, кои никогаш не се поправливи. Нормативните одредби мора да обезбедат еднакво постапување, но и доведување во еднаква правна положба по нивната примена при иста фактичка состојба на работите. При иста фактичка состојба на работите, применетата правната норма мора да има еднакви последици. Тоа значи и содржината на управните акти донесени врз овие одредби на Законот за пензиското и инвалидското осигурување мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Ова несогласност јасно се гледа од содржината, односно од елементите на управниот акт. Имаме исто лице, иста странка, ист орган, исто службено лице, а различни фактички и правни последици.

- Законот за општата управна постапка одредил дека странка во управната постапка е лице по чие барање е поведена постапката или против кое се води постапката.

- Иницијативата (поттикнувањето) за поведување постапка може да почне од самата странка, а може да почне и од органот, додека самото поведување на постапката секогаш го врши ист надлежен орган, односно исто службеното лице. Според членот 52 од Законот за општата управна постапка, како почеток за управната постапка поведена на барање на странката се смета денот кога е поднесено барањето, додека кога управната постапка е поведена по службена должност постапката започнува со првото дејствие во постапката преземено од овластеното службено лице.

- Времето на настанување на правното дејство е јасно определено. Различното време на настанување, укинување, запирање или промена на правото е најдиректно поврзано со начинот на доставувањето.

- Супсидијарност е исклучена бидејќи постапката се поведува во двата начина на поведување на постапка, не заради заштита на јавниот интерес, туку заради заштита на лично материјално право. Супсидијарност не може да се примени ниту во односот на Законот за пензиското и инвалидското осигурување кон Законот за општата управна постапка, иако целта на принципот на супсидијарност е да донесува одлуки што е можно поблиску до граѓаните.

- Одредбите што се предмет на Иницијативата не се во согласност со следните уставни начела: начелото на рамноправност во правните односи; начело на забрана на предизвикување штета; начело на еднаквите вредности на давањата и начело на

воздржување од постапување со кое се намалува имотната сигурност и нивната положба во општеството.

По повод Иницијативата, Владата на Република Северна Македонија укажува дека согласно член 137 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, правата утврдени со решение донесено во постапката за обнова, во смисла на членот 136 од овој закон, припаѓаат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на барањето за обнова на постапката, односно по донесувањето на решението во обновената постапка по службена должност. Според член 150, став (3) од Законот, кога промената на правата стекнати врз основа на инвалидност и телесно оштетување во текот на користењето ќе настане во постапка покрената по службена должност, правото престанува или се менува, односно се стекнува ново право од конечноста на решението со кое е утврдена промената.

Одредбите од член 137 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се општи одредби и ја уредуваат постапката за обнова (повторна постапка), на еднаков начин и важат за сите граѓани (erga omnes) во случај кога се исполнети условите за повторување на постапката. Правата во пензиско и инвалидско осигурување се остваруваат на барање на странката, поради тоа во случај на обнова на постапка правата припаѓаат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на барањето за обнова на постапката, додека кога постапката се поведува по службена должност правата припаѓаат по донесувањето на решението во обновената постапка.

Член 150 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување го уредува престанокот на правата стекнати врз основа на инвалидност и телесно оштетување, кога има промена на инвалидноста, односно на степенот на телесното оштетување.

Утврдувањето на промената на инвалидноста, односно на степенот на телесното оштетување се врши по барање на корисникот на правото или по службена должност. Кога утврдувањето на промената на инвалидноста, односно на степенот на телесното оштетување е покрената по службена должност правото престанува или се менува, односно се стекнува ново право од конечноста на решението со кое е утврдена промената. На овој начин, со предвидување на различно настапување на правните последици се овозможува правна заштита на странката, односно во случај кога постапката за утврдување на промена на инвалидноста или степенот на телесно оштетување не е покрената по барање на странката, туку истата е покрената по службена должност, да може странката да го користи правото на правни лекови за заштита на нејзините права до окончувањето на постапката, односно решение да има дејство во однос на правата на странката по неговата конечност.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорениот член 137 и член 150 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е во согласност со темелната вредност „владеење на правото“ утврдена во член 8, став (1), алинеја три од Уставот на Република Северна Македонија и член 9, став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Поради тоа, Владата на Република Северна Македонија му укажува на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 137 во делот: „односно по донесување на решението во обновената постапка по службена должност“ и член 150 став (3) во делот: „од конечноста на решението со кое е утврдена промената“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.156/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Инцијативата до Уставниот суд на Република Северна Македонија, подносителот бара поведување на постапка за оценување на уставност на одредбите од член 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот: „ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад“.

Согласно Иницијативата, членот 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот: „ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад“ е во спротивност на членот 8 став (1) алинеја 3 „владеење на правото“ и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „граѓаните се еднакви пред Уставот и законите“.

Во образложението на Инцијативата, наведени се основните причини поради кои оспорените одредби од член 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се сметаат како спротивни на Уставот на Република Северна Македонија и тоа:

- не поднесувањето на барање за остварување на правото на пензија од различни причини има непосредни последици врз граѓаните, иако тие го стекнале правото на пензија со исполнувањето на условите;

- со донесување на поединечен управен акт се укинува правото на пензија, кое е веќе стекнато. Не постоење на управен акт не значи дека правото не е остварено, туку со управниот акт истото само се потврдува;

- наметнувањето на одреден рок ги поништува правата кои се тешко остварливи, посебно правата од пензиско и инвалидско осигурување;

- рокот од „шест месеци наназад“, значи дека осигуреникот нема да ја добива пензијата по престанувањето на осигурувањето, иако правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права и не можат да се пренесуваат на други лица;

- правата се остваруваат врз основа на податоците за осигурениците за плата и стаж во матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кој е должен да ја чува 40 години по остварувањето на правото;

- одредбата од член 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е спротивна на Законот за општата управна постапка, Фондот треба да го повика осигуреникот на кого му престанува осигурувањето за да го оствари правото на пензија, што подразбира реализација на начелото на сервисна ориентираност;

- одредбите се спротивни на начелото на утврдување на материјална вистина, што подразбира утврдување на фактите за донесување на законито и правилно решение;

- спротивно на начелото на законитост, според кое начело не смее да изостане ниту еден факт, како што е фактот дека опфатот на осигурениците е уреден со закон;

- странките може да се објективно спречени за поднесување на барање, исто така може околностите на докажување на факти ги зголемуваат трошоците за остварување на правата;

- одредбата која е предмет на Иницијативата не е во согласност со начелото на рамноправност на граѓаните во правните односи, начелото на забрана на предизвикување на штета, начелото на еднаквите вредности на давањата, начелото на добро однесување во извршувањето на обврските и остварувањето на правото и воздржување од постапки со кои се отежнува извршувањето на обврските на другиот, начелото на интегративен карактер на правилата, воздржување од постапување со кое се намалува имотната сигурност на граѓаните и нивната положба во општеството, начелото на потребата од воспоставување на соработка, меѓусебната поврзаност и зависност, взаемната одговорност и солидарност.

По разгледувањето на Иницијативата, Владата на Република Северна Македонија смета дека основите наведени во неа се неоправдани од причина што со членот 140 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува користењето и губењето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Според став (1) од овој член од Законот, правата од пензиското и инвалидското осигурување утврдени со овој закон, се стекнуваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите, ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад.

Согласно став (2), правото на старосна пензија се остварува по престанокот на осигурувањето. Со ставот (3) и (4) од овој член од Законот, се уредува остварувањето на правото на инвалидска пензија, кое право се остварува врз основа на решение за утврдена инвалидност, најдоцна во рок од три месеци од правосилноста на решението. Доколку правото на инвалидска пензија не биде остварено во рокот определен во ставот (3) на овој член, осигуреникот се упатува на повторен комисиски преглед, по службена должност.

Во Инцијативата за оценување на уставноста на одредбите, не се врши соодветна динстинкција помеѓу стекнувањето и остварувањето на правата. Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во членот 140 прави јасна разлика дека правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите утврдени со закон, додека остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување се врши по барање на осигуреникот, односно на корисникот на пензија, а за остварувањето на право на семејна пензија и други права на членовите на семејството на осигуреникот, односно на корисникот на пензија по барање на членот на семејството.

Членот 126 од Законот пропишува дека постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се поведува по барање на осигуреникот, односно на корисникот на пензија. Ова одредба е во согласност со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18), според кој постапката за остварување на правата се поведува на барање на странката, не по автоматизам по исполнувањето на условите.

Странката, согласно член 52 од Законот за општата управна постапка, барањето за остварување на право, односно правен интерес може да го достави на образец, кој јавниот орган е должен да го изготви, а на кој таксативно се наведени доказите и податоците кои странката е должна да ги приложи кон барањето и доказите и податоците кои јавниот орган надлежен за решавање на работата ги прибавува по службена должност. Законот за општата управна постапка ги уредува правните последици зависно од тоа дали во постапката постои барање, така според член 124 за ништовен се огласува управен акт што го донел органот без претходно барање на странката, а со кој управен акт странката дополнително, изречно или молкум се согласила, потоа според член 136 се запира извршувањето на управен акт по службена должност и спроведените дејствија ќе се поништат, ако се утврди дека барателот на извршувањето се откаже од своето барање, итн.

Согласно член 140 од Законот за пензиското и инавлидското осигурување, според кој пристигнувањето на правата е со денот на исполнувањето на условите, ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци station наназад, подразбира дека со исполнувањето на условите за стекнувањето на правото пристигнува обврската на Фондот за вршење на исплата ако барањето за остварувањето на правото е направено во рок од шест месеци од исполнувањето на условите, доколку барањето е поднесено по рокот од шест месеци од исполнувањето

на условите за остварувањето на правото, тогаш обврската на Фондот за исплата пристигнува од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад.

Согласно ова, член 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права и не можат да се пренесуваат на други лица. Правата од пензиското и инвалидското осигурување не можат да застарат, освен пристигнатите, а неисплатени износи на пензии и на други парични примања, во случаите утврдени со закон. Правата од пензиското и инвалидското осигурување осигуреникот може да ги остварува во било кое време по исполнување на услови предвидени со овој закон, бидејќи истите не застаруваат.

Со законското решение „правата од пензиското и инвалидското осигурување утврдени со овој закон, се стекнуваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите, ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад“ се обезбедува правна сигурност и финансиска одржливост на пензискиот систем, со оглед на тоа што правата од пензиското и инвалидското осигурување се засновуваат на генерациска солидарност, што значи од придонесот кој се наплатува од тековните осигуреници се исплаќаат правата за тековните корисници. Ова одредба е во корелација со начелото на пропорционалност според кое при водењето на управната постапка јавниот орган треба да и овозможи на странката да ги оствари и заштити своите права и правни интереси, доколку истите не се на штета на правата и правните интереси на другите странки или трети лица и не се на штета на јавниот интерес утврден со закон. Остварувањето на правата на странките не може да биде во недоглед, бидејќи предизвикува нарушување на системот и попречување на други лица во остварувањето на истото право. Со ова се обезбедува начелото на еднаквост, непристрасност и објективност, според кое органите во управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи.

Според наведеното, одредбите од член 140 во делот „ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не се во спротивност со членот 8 став (1) алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 140 во делот „ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок, од поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.184/2024, поднесена од Игорчо Точев од Скопје, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20 став 6 во делот: „и висината на надоместокот" од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21) и за оценување на уставноста и законитоста на Решението за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр.11-1526/1 од 14 мај 2024 година, на министерот за животна средина и просторно планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на делот „и висината на надоместокот" од член 20 став 6 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21) и постапка за оценување на уставноста и законитоста на Решението на министерот за животна средина и просторно планирање за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр.11-1526/1 од 14.5.2024 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/24 од 15.5.2024 година.

Според наводите во предметната Иницијатива, подносителот на Иницијативата навел дека согласно член 20 став 6 од Законот за управување со отпад, составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот ги утврдува министерот, а според ставот 7 од истиот член, работното тело се финансира од надоместокот утврден во членот 18 став (13) и членот 19 став (8) од Законот, при што оспорениот дел „и висината на надоместокот" бил недоволно прецизен, а кое нешто не било во согласност со начелото на владеење на правото пропишано во член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, според подносителот на Иницијативата принципот на владеењето на правото предвидувал дека во правниот промет постојат јасни, прецизни и концизни норми кои нема да оставаат место истите арбитрарно да се применуваат и/или толкуваат. Исто така, според подносителот на Иницијативата, во ниту еден член од Законот не се пропишувале параметрите врз основа на тоа како ќе се пресметува надоместокот на работното тело, односно во целината на Законот не постоела законска рамка и критериуми врз основа на кои попрецизно ќе се определи од што зависи надоместокот и висината на истиот.

Освен тоа, во точката 2 од Иницијативата, која се однесува на оценување на уставноста и законитоста на Решението на министерот за животна средина и просторно планирање за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр. 11-1526/1 од 14.5.2024 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/24 од 15.5.2024 година, подносителот на Иницијативата навел дека член 20 став 6 од Законот за управување со отпадот се однесува на разработување на законските одредби со подзаконски акт кој го донесува министерот, при што упатил на член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, согласно кој со

подзаконски акти се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и другите прописи заради нивно извршување.

Воедно, во Иницијативата е наведено дека со одредбата од член 20 став 6 од Законот за управување со отпадот недоволно јасно и прецизно е определено со каков акт донесен од министерот се разработува наведената одредба, а кое нешто не е во согласност со членот 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, но и во врска со член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа поради тоа што во самата одредба од членот 20 од Законот за управување со отпадот не било пропишано дали подзаконскиот акт со кој се доразработува наведената одредба е решение, правилник, наредба или друг акт кој согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа треба да биде донесен од министерот.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другите е владеењето на правото.

Според член 20 став (1) од Законот за управување со отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21), за утврдување на статусот на секундарна суровина од членот 18 од овој закон и за престанување на статусот на поедини видови отпад од членот 19 од овој закон, министерот формира посебно работно тело за отпад составено од претставници на органите на државната управа, научни и образовни институции и организации, експерти од областа на управување со отпадот и претставници од бизнис секторот.

Согласно ставот (2) на истиот член, работното тело за отпад може да има најмалку пет, а најмногу седум членови, со завршено високо образование од областа на природните и/или техничките науки и кои имаат работно искуство од најмалку десет години во областа на управување со отпадот.

Според ставот (3) на истиот член, работното тело е должно во рок од 30 дена од денот на добивањето на барањата од членот 18 став (2) од овој закон и членот 19 став (3) од овој закон да достави мислење до стручниот орган за тоа дали една супстанција, материја или производ може да бидат запишани во Регистарот од членот 100 од овој закон, односно дали се исполнети условите за престанок на статусот на отпад на поедини видови на отпад.

Согласно ставот (5) на истиот член, за работата во работното тело, на членовите во работното тело од ставот (1) на овој член им следува надоместок чија висина се определува во зависност од бројот на поднесените барања согласно со членовите 18 и 19 од овој закон, а во ставот (6) на истиот член е определено дека составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот ги утврдува министерот.

Според ставот (7) на истиот член, работното тело се финансира од надоместокот утврден во членот 18 став (13) и членот 19 став (8) од овој закон.

Во однос на претходно изнесените наводи во Иницијативата се укажува дека работата на работното тело за отпад е уредена во член 20 од Законот за управување со отпад. Имено, во член 20 став (1) од Законот е дефинирано дека работното тело е составено од претставници на органите на државната управа, научни и образовни институции и организации, експерти од областа на управување со отпадот и претставници од бизнис секторот. Во ставот (2) од член 20 од Законот е дефиниран бројот на членови во работното тело кој се движи од пет до седум членови и дефинирани се условите кои треба да ги исполнуваат членовите на работното тело, а тоа се: високо образование од областа на природните и/или техничките науки и работно искуство од најмалку десет години во областа на управување со отпадот. Во ставот (3) од истиот член е дефиниран начинот на работа на работното тело, односно дека истото е должно во рок од 30 дена од добивање на барањето поднесено согласно член 18 или 19 од Законот да се произнесе со мислење дали се исполнети условите за прекинување на статусот на отпад или за прогласување за секундарна суровина согласно закон. Согласно член 20 став (6) од Законот, составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот ги утврдува министерот. Оттука, произлегува дека критериумите и условите за формирање на работното тело се дадени во Законот за управување со отпадот, а согласно правниот основ даден во Законот, министерот со Решение го утврдил составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот. Имајќи предвид, дека критериумите за составот на работното тело се дадени во Законот, со Решението конкретно се утврдени лицата кои учествуваат во работата на работното тело. При тоа, во однос на начинот на работа на работното тело, во Законот јасно е наведен рокот во кој работното тело е должно да постапи по доставеното барање кое е законска материја, додека останатите детали за работа на работното тело се дефинирани во Решението и Деловникот за работа на истото. Наводите дека во Законот не е пропишано со каков подзаконски акт ќе се доразработи наведената одредба се смета дека се неиздржани од причина што во самата формулација на правниот основ е дадено со каков правен акт треба да се уреди предметната материја, односно е наведено дека „министерот ги утврдува“, а не „министерот ги пропишува“ начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот, од кои причини е пристапено кон донесување на решение.

Во однос на оспорениот дел „и висината на надоместокот“ од член 20 став 6 од Законот, дека е недоволно прецизен и не е во согласност со начелото на владеење на правото уредено во член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија затоа што остава простор за арбитрарна примена и толкување на оваа законска одредба, се укажува дека согласно член 18 од Законот за управување со отпадот, секој подносител на барање за прогласување на одредена супстанца, материја или производ да се прогласи за секундарна суровина, како и секој подносител на барање согласно член 19 од Законот за управување со отпад, за прогласување на одредена материја, супстанца или производ за укинување на статусот на отпад е должен да плати 15.000 денари. Надоместокот кој го плаќаат подносителите на барање е јасно и прецизно дефиниран во Законот, а за да може Министерството за животна средина и просторно планирање да постапи по доставените барања кои се од техничка природа, потребно е да добие стручно мислење од работното тело формирано согласно член 20 од Законот за управување со отпад, врз основа на кое

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе издаде решение за упис на секундарната суровина или укинување на статусот на отпад во Регистарот за отпад.

Притоа, се укажува дека во член 20 став (7) од Законот за управување со отпад е дефинирано дека членовите на работното тело се финансираат од надоместокот утврден во член 18 став (13) и член 19 став (8) од Законот. На членовите на работното тело согласно член 20 став (5) од Законот им следува надоместок чија висина се определува во зависност од бројот на поднесени барања согласно членовите 18 и 19 од Законот. Надоместокот кој ќе биде исплаќан на работното тело мора да се движи само во рамките на средствата собрани од плаќањето на надоместокот од членовите 18 и 19 од Законот. Бројот на поднесени барања е критериум врз основа на кој се определува висината на надоместокот. Работното тело во зависност од видот на барањето кое е поднесено (постојат различни типови на отпад кои треба да бидат прогласени за секундарни суровини или да им биде укинат статусот на отпад, поради што е потребно само одредени експерти од работното тело да учествуваат во работата на работното тело), ќе треба да се состане и во рок од 30 дена да достави мислење до Министерството за животна средина и просторно планирање. Во оспореното Решение е наведено дека претседателот одлучува кој член треба да присуствува на состаноците на работното тело токму во зависност од видот на барањето. Работното тело може да се состане кога се присутни сите повикани членови и истите имаат обврска да го потпишат издаденото мислење од работното тело. Наведените активности се основен критериум кој треба да ги исполни членот на работното тело за да може да биде исплатен. Висината на надоместокот е фиксно дефинирана на 3.000 денари и нема простор за арбитрерност и самоволие од причини што вкупните средства кои се собираат за одредено барање изнесуваат вкупно 15.000 денари и од нив ќе треба да се покрие надоместокот за членовите на работното тело кои учествувале во работата на телото. Оттука, во однос на потребата за постоење на законска рамка за дефинирање на висината на надоместокот се укажува дека е доволно утврдена и нема потреба за дополнително оптоварување на Законот со критериуми за определување на висината на надоместокот.

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека не постои основ за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „и висината на надоместокот“ од член 20 став (6) од Законот за управување со отпадот и за спроведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Решението на министерот за животна средина и просторно планирање за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр.11 – 1526/1 од 14.5.2024 година, објавено во „Службен весника на Република Северна Македонија“ бр.103/24 од 15.5.2024 година, од следните причини:

- Оспорениот дел од член 20 став (6) од Законот за управување со отпадот и донесеното Решение за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со истите не се прекршува начелото на владеење на правото согласно член 8 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија. Висината на

надоместокот кој го добиваат членовите на работното тело иако не е директно дефинирана во Законот, таа е индиректно дефинирана и зависи од висината на надоместокот којшто правните лица го плаќаат при поднесување на барањата од членовите 18 и 19 од Законот за управување со отпад кој изнесува 15.000 денари по барање. При што, висината на надоместокот по член е определена во Решението и висината на истиот по член е 3.000 денари по присуство на седница. Вака дефинираниот надоместок не остава простор за злоупотреби и самоволие. Од наведеното може да се заклучи дека критериуми за дефинирање на висината на надоместокот се поднесените барања и дефинираната висина на надоместокот од 15.000 денари. Воедно, не постои потреба за дополнително попрецизно определување од што ќе зависи надоместокот и висината на истиот, затоа што висината на надоместокот е јасно наведена во Законот и зависи од бројот на поднесени барања и собрани средства од истите и во зависност од средствата по поднесено барање се определува висина на надоместокот во висина од 3.000 денари по седница, така што доколку е потребно попрецизно определување тоа може да се допрецизира во самото решение.

- Во однос на уставноста и законитоста на Решението за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело, се смета дека истото не е во спротивност со Уставот и Законот. Имено, согласно номотехничките правила за изготвување на законските и подзаконските прописи во Република Северна Македонија, како и досегашната пракса, во Законот е дадена можност министерот да ги утврди составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот, поради што се пристапи кон донесување на Решение за составот, начинот на работа на работното тело и висината на надоместокот. Наводите дека не е јасно каков подзаконски акт треба да се донесе се смета дека не е предмет на уставност и законитост во конкретниот случај, затоа што во Законот е јасно наведено дека министерот ќе ги утврди, а не пропише предметните прашања и од тие причини не е донесено подзаконски акт правилник. Мора да се истакне дека од формално-правен аспект не постои повреда на уставноста и законитоста со донесување на Решението од причина што критериумите и условите за работа на телото се уредени во Законот и донесувањето на Решението не е во спротивност ниту со Уставот ниту со Законот, затоа што со истото само се врши конкретно определување на членовите на работното тело, односно нивно назначување со име и презиме, како и детално се допрецизира начинот на работа на телото во поглед на присуството на членовите во работата на работното тело, а додека останатите детали за работа на телото се уредуваат со Деловникот за работа на работното тело.

Врз основа на претходно изнесеното, се смета дека делот „и висината на надоместокот“ од член 20 став (6) од Законот за управување со отпадот и Решението на министерот за животна средина и просторно планирање за составот, висината на надоместокот и начинот на работа на работното тело за отпад бр.11 – 1526/1 од 14.5.2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/24), се во согласност со член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да

донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените член и Решение.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 142/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став (1) точка 62 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/22 и 64/24), и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива од страна на подносителот Игорчо Точев од Скопје се предлага поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 2 став 1 точка 62 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22 и 64/24). Согласно членот 2 став 1 точка 62 од Законот за платежни услуги и платни системи, „Мерки кон субјектите на надзор" се дејствија преземени од страна на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Извршниот одбор) за отстранување на слабостите, неусогласеностите и/или непочитувањата на одредбите од овој закон во работењето на субјектите на надзор.

Во Иницијативата подносителот укажува дека оспорениот член може да доведе до заблуда односно забуна во примената на оспорениот дел означен како во воведот на Иницијативата, а со тоа и можност за заблуда односно забуна на или кај оној кој треба да ја применува одредбата, а кое нешто не е во духот на владеење на правото. Според Иницијативата, доколку овој член остане во правниот промет би можело да дојде до забуна во однос на надлежностите на Народната банка на Република Северна Македонија, односно на органите на централната банка со што би можело да дојде до нарушување односно настанување на последици.

Имено, член 2 став 1 точка 62 од Законот за платежните услуги и платни системи е изменета со Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24). Со овие законски измени се интервенира во законот на начин што секаде каде што се предвидени обврски и надлежности на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, истиот е заменет со извршниот одбор од причина што паралелно со измените на овој закон до Собранието беа предложени и предлог измени на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, со кои се предвидува нов орган на Народната банка на Република Северна Македонија, односно извршниот одбор, односно гувернерот и тројцата вицегувернери го сочинуваат извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

При носењето на овие два законски прописи, настана временска разлика помеѓу нивното усвојување и објавување, односно Собранието на Република Северна Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи на седницата одржана на 13 март 2024 година и истиот се

објави во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.64/24 на 19 март 2024 година, додека Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија беше усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 март 2024 година, по што истиот се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 74/24 на 2 април 2024 година.

Помеѓу донесувањето на горенаведените прописи има временска разлика од 15 дена, но во меѓувреме откако била поднесена предметната Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста е донесен и објавен Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија во којшто извршниот одбор е предвиден како нов орган на Народната банка на Република Северна Македонија. Со ова не постои правна неусогласеност помеѓу овие два прописи, а со тоа не постои можност субјектите да бидат доведени во заблуда ниту во забуна при спроведување на членот 2 став 1 точка 62 од Законот за платежни услуги и платни системи.

Истовремено како значајна околност на која се укажува е дека во временскиот период помеѓу донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи и Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не се донесени поединечни акти или дејствија од страна на извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија, па оттука неосновано е барањето на подносителот на Иницијативата судот да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, а со оглед дека причините поради кои се поднесува иницијативата во меѓувреме се променети, така што Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Законот за платежни услуги и платни системи се во согласност, односно Законот за платежни услуги и платни системи е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и имајќи го предвид погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Иницијативата од Марјан Максимоски, адвокат од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.168/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 73 ставови 2 и 3 алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 73 став 2 и став 3, алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), со кои се уредува дека за да може да се

надомести штета од страна на државата, во случај кога истата е предизивикана од дивеч, од страна на сопственикот би требало претходно да се преземени мерки за обезбедување и спречување на штета од дивеч, поради тоа што подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби се контрадикторни со одредбите на член 8 став 1 алинеја 6, член 30, член 50 став 1 и член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 1 од Протоколот 1 од Европската конвенција за човекови права, членовите 6, 9 и 10 од Законот за сопственост и други стварни права, како и со одредбите на член 3 став 1 од Законот за дивечот и ловството (*).

Според подносителот на Иницијативата со оспорените одредби било ограничено правото на сопственост на граѓаните со наложување на обврски за преземање на мерки за обезбедување и спречување на штета од дивеч, при што цел на законодавецот било со оспорените одредби да ја избегне својата обврска да ја надомести штетата на граѓаните предизвикана од страна на дивеч, во ситуација кога истата не би можела да го контролира движењето, бројноста и благосостојбата на дивите животни, поради што се меша во мирното уживање на сопственоста со тоа што дава обврска на граѓаните за превземање мерки со кои истите би се изложиле на значителен трошок, со цел да се заштитат од дивеење на диви животни, а за чија благосостојба би требало да се грижи државата.

Оттука, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби од член 73 став 2 и став 3 алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), се во спротивност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 6, член 30, член 50 став 1 и член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Најпрво, се укажува дека оспорените одредби на член 73 став (2) и став (3) точки 1), 2) и 3) и член 76 став (3) се уредени во Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), а не во Законот за дивечот и ловостој како што е наведено во Иницијативата, со оглед дека во првниот систем не е пропишан закон со таков назив.

Имено, со новиот Закон за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), се врши потполно усогласување со Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр.3254/91 од 4 ноември 1991 година за забрана на користењето на ножните стапици во Заедницата и внесувањето во Заедницата на крзна и на кожи, како и на стоки произведени од одредени животински видови кои потекнуваат од земјите во кои тие се фаќаат со ножни стапици или со методи на фаќање што не ги исполнуваат меѓународните стандарди за хумано фаќање, (CELEX бр. 31991R3254) и Директивата 2009/147/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 30 ноември 2009 година за заштита на диви птици, (CELEX бр. 32009L0147). Во истиот се води сметка и за почитување на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, како што се правната заштита на сопственоста и уживање на посебна заштита на сите природни богатства, растителниот и животинскиот свет.

Целисходно на тоа, се смета дека наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 73 став 2 и став 3

алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството(*), се правно неаргументирани и неиздржани.

Една од целите за донесување на овој закон е и регулирање на областа ловство, преку обезбедување на мерки за превенирање на прекумерното оштетување на Буџетот на државата, без било какво ограничување на неприкосновеното право на сопственост на физичките и правните лица, туку со поблиско правно регулирање на начинот на обештетување на лицата кои претрпеле штета од дивеч. Со истоимениот закон не се одземаат или експропреираат парцели, не се воспоставува никаква службеност врз недвижностите, не се воспоставуваат никакви товари или ограничувања, ниту пак се наметнуваат некакви нови даноци или такси.

Во членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија се предвидува гаранција на правото на сопственост и правото на наследување, дека сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата, што значи дека подеднакво се битни и поеднечниот и јавниот интерес и истите мора подеднакво да бидат земени во предвид, како и дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Со предметниот закон никој не се лишува од правото на мирно уживање на својот имот во смисла на член 1 од Протокол 1 од Европската конвенција за човекови права, при што од страна на подносителот на Иницијативата за оцена на уставноста, во нејзините наводи всушност се врши замена на тези.

Воедно, согласно член 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10), сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на сопственикот и на заедницата, а според член 5 од истиот закон, правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите.

Во тој контекст и во член 9 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10), е утврдено дека сопственикот го остварува своето право на сопственост во согласност со природата и намената на стварта, како и со општиот интерес утврден со закон, додека во член 10 од истиот закон е предвидено дека правото на сопственост може да се ограничи или да се одземе кога се работи за јавен интерес утврден со закон, а имајќи предвид дека согласно член 3 став (1) од Законот за дивечот и ловството (*), дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес за Република Северна Македонија ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој закон и Законот за заштита на природата.

Почитувањето на одредбите на Законот и преземање на предвидените заштитни мерки не е облигаторно и за непреземањето на заштитни мерки и непочитувањето на законските одредби не се предвидени никакви санкции. Единствено

сопствениците доколку сакаат да го остварат правото на оштета од државата, ќе бидат обврзани да ги почитуваат законските одредби.

Се смета дека подносителот на Иницијативата во одредена мера несоодветно ги толкува поимите на недвижни ствари и движни ствари (добиток, пчелни сандаци и слично) кои се поставени или стационирани на недвижен имот. Сопствениците и понатаму слободно располагаат со своите недвижности и во однос на истото државата не сугерира ниту наметнува обврски.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека едно од основните начела на облигационото право утврдено во Законот за облигационите односи како lex generalis е и постапувањето во правниот промет со внимание на добар домаќин (добар стопанственик) и тоа согласно член 11 став (1) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23), според кој, учесникот во облигациониот однос е должен во извршувањето на својата обврска да постапува со внимание кое во правниот промет се бара во соодветниот вид облигациони односи (внимание на добар стопанственик, односно внимание на добар домаќин), а еден од изворите на облигационото право и облигационите односи е и причинувањето и надоместувањето на штетата.

Освен тоа, подносителот на Иницијативата во истата има наведено дека оспорените одредби се во контрадикторност со одредбите на член 50 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија согласно кои во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон,  меѓутоа истото е уредено во член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, а не во член 50 став 1 во кој е пропишано дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Оттука, се укажува дека оспорените одредби не се во спротивност со член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека со истите не се ограничува правото на сопственост, туку напротив се дава можност за сопственикот на предметните движни и недвижни ствари да има повеќе права, односно во случај на штета од дивеч да има можност за надомест на истата од страна на државата само доколку кон своите ствари се однесува со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и ги презема законски пропишаните мерки за заштита и чување на истите.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорените одредби на член 73 став (2) и став (3) точки 1), 2) и 3) и член 76 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 6, член 30, член 51 став 1 и член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4134, за КО Драчево 2, на КП бр.7508, викано место/улица „Јурии“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.50443, за КО Гази Баба, на КП бр.1360/16, викано место/улица „ул.Перо Наков“ и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3126, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2880, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1903, за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 64**

1. Владата ја именува Марија Митева за портпарол на Владата на Република Северна Македонија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја именува Венера Љатифи-Азизи за портпарол на Владата на Република Северна Македонија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата од должноста претседател, заменик - претседател, членови и заменик - член на Комисијата за жалби, при Централниот регистар на Република Северна Македонија, ги разреши:

а) од претседател
- Ангел Наковски,

б) од заменик - претседател
- Филип Јакимовски,

в) од членови
- Наташа Пеливанова и
- Розита Џартовска,

г) од заменик - член
- Симона Страшеска Тодорова.

4. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје, ги разреши:

- Божо Бубало,
- Јана Гочевска и
- Анета Манчева.

4.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје, ги именува:

- Марија Ѓорѓиевска,
- Злата Алексовска и
- Митко Аџикотарев.

5. Владата заклучи да не се реализира предлогот од Кадровските прашања даден на Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 октомври 2024 година, под точка 12, со која Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Ѓорѓи Дончев.

6. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Александар Кузманоски, а од неизвршните членови, за независни членови на Одборот на директори да ги избере: Сашко Вељаноски (претседател на Одборот на директори) и Александар Кузманоски.

Истовремено, Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп, да ги отповика досегашните членови на Одборот на директори и тоа: Зоран Пачешкоски (од извршен член), Гоце Котески (од извршен член), Горан Тодоров (од извршен член), Сретен Богоевски ( од неизвршен независен член), Златко Сарев ( од неизвршен член), Миле Велкоски (од неизвршен независен член) и Милаим Амеди (од неизвршен член).

Владата го задолжи повереникот - претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп, Андреа Ѓошевска, овие

предлози да ги даде на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп и да го дополни Предлог-дневниот ред за седницата на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп закажана за 4.11.2024 година.

**Точка 65**

1. Владата, по повод укажувањето на м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, а во врска со распределбата на средства – капитални дотации по Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА- Инфраструктурни проекти во општините, заклучи дека ќе обезбеди средства на секоја општина во висина од 44 евра по жител, согласно бројот на резидентно население од последниот попис.

**2.** Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври – Ден на народното востание, ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација за Куманово, во состав:

- Горан Минчев, министер за јавна администрација,
- Борко Ристовски, министер за спорт и
- м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација,

да присуствува на положување на цвеќе на централната манифестација на Спомен-костурницата во Куманово на 11 октомври 2024 година, во 10 часот.

2) Владина делегација за Скопје, во состав:

- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,
- д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд,

да присуствува на положување цвеќе во Меморијален комплекс „Партизански гробишта“ во Бутел, Скопје во 10:30 часот, како и пред споменикот „Ослободители на Скопје“ пред Владата на Република Северна Македонија, во 11:30 часот.

3) Владина делегација за Прилеп, во состав:

- Цветан Трипуновски, министер за земјоделство шумарство и водостопанство,
- Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и
- Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд,

да присуствува на положување на цвеќе во Прилеп на 11 октомври 2024 година, пред споменикот на Методија Андонов - Ченто, пред споменикот на Кузман Јосифоски - Питу и Могилата на непобедените, во 9:30 часот.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема (освежување, цветно уредување, говорница, столбчиња и јажиња и друга опрема), како и превоз за опремата.

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 11 Октомври - Ден на народното востание.

6) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за протокол да подготви покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните настани во Скопје.

7) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за протокол да го организира протоколарното положување на цвеќе во Меморијалниот комплекс „Партизански гробишта" во Бутел, Скопје, како и пред споменикот „Ослободители на Скопје" пред Владата на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи за сите локации, како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази) во Куманово, во Прилеп и во Скопје.

9) Се укажува на ЈП Македонска радио - телевизија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот 11 Октомври – Ден на народното востание, од Куманово.

10) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Сектор за односи со јавност да подготви сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

11) Се задолжува Министерството за култура и туризам да го обезбеди користењето на просторот околу Спомен - костурницата во Куманово.

12) Се препорачува на Општина Куманово, да го обезбеди со чуварска служба просторот на Спомен - костурницата во Куманово и да обезбеди расчистување на просторот.

13) Се укажува на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, да обезбеди столчиња за свеченото одбележување на празникот на Спомен - костурницата во Куманово.

14) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на сите локации на кои се чествува празникот.

15) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила за сите локации на кои се чествува празникот (согласно барањата од организаторите на настаните во Скопје, Куманово и Прилеп).

16) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја на локациите за кои ќе добијат техничка спецификација од страна на Владата.

**3.** Владата го разгледа материјалот - Укажување од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, го усвои и заклучи сите институции доследно да го почитуваат Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија во однос на материјалите кои се доставуваат за разгледување во владина постапка, како и почитување на останатите укажувања изнесени во материјалот даден во Прилог 1, со цел поефикасна работа на Владата на Република Северна Македонија.

**4.** Владата на предлог на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, ги задолжи сите јавни претпријатија и акционерски друштва, во државна сопственост до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да доставaт преглед на финансиски обврски кои ги имаат кон приватниот сектор.

**5.** Владата ја разгледа  и усвои Информацијата за свечен настан со официјално отворање на Меѓународната научна конференција по повод 80 години од одржувањето на Првото заседание на Атифишистичкото заседание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), во организација на ЈНУ Институт за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите, со Барање на финансиска поддршка.

**6.** Владата се информираше дека заклучоците, донесени на Четвртата седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, одржана на 13 септември 2024 година, под точка 8 и точка 9, не се реализирани.

**7.** Владата заклучи:

- Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и Зоран Љутков, министер за култура и туризам, да остварат средба со претставници од Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски–Антево перо“, со цел да се разгледа можноста за објавување на седумте есеи напишани од Анте Поповски (во тираж од 500 примероци), како и реобјавување на книгата „Сина песна“ (во тираж од 300 примероци), во рамки на буџетот на Министерството за култура и туризам.

**8.** Во врска со задолжението од Третата седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 16 септември 2024 година, по однос на точка 12 „Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2023 година, со Предлог-одлука“, а имајќи предвид дека по истото не е постапено,

Владата заклучи:

- Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој да достави детален извештај за целокупното свое работење, во најкраток можен рок и истиот да се разгледа на седница на Владата.

**Точка 66**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за првиот квартал на 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии во однос на ненаплатените побарувања.

**Точка 69**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

## Точка 72

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

## Точка 73

Владата го разгледа Планот за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјален совет.

2. Се овластува Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, во името на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише усогласениот текст на Спогодбата за изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјален совет.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за европски прашања да постапи по барањата на Министерството за финансии, Министерство за финансии-Царинска управа, Министерството за правда,

Министерството за животна средина и просторно планирање за внесување на правните акти во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и да ги достави генерираните ЕПП броеви до надлежните институции најдоцна до 10.10.2024 година.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за мерење на квалитет согласно Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите (со предлог - институции за 2024 година), со текст на Методологија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите за 2024 година.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија до крајот на октомври 2024 година, до Министерството за јавна администрација да достави номинација на членови за Комисија за оценувањето, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата до крајот на декември 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација, до крајот на октомври 2024 година, да формира Комисија за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата до средината на декември 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за јавна администрација, до втората половина на октомври 2024 година, да го дистрибуира прашалникот за евалуација до: Државен инспекторат за животна средина, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Битола, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за култура и туризам, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за европски прашања, УКИМ - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Општина Штип и ЈКП Водовод и канализација, Прилеп.

5. Се задолжуваат Државен инспекторат за животна средина, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Битола, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за култура и туризам, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за европски прашања, УКИМ - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Општина Штип и ЈКП Водовод и канализација, Прилеп, до втората половина на октомври 2024 година да номинираат одговорно лице кое ќе го координира

процесот на пополнување на прашалникот за евалуација во рамките на својата институција и да го достават до Министерството за јавна администрација, до почетокот на декември 2024 година.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Координативно тело за управување со системот за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, поради потребата истиот да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за забрзана, ефикасна реализација на активностите за поставување базни станици и апроксимација на регулативата (ЕУ) 2024/1309, со прилог и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да ги преземе потребните активности за забрзување на поставувањето базни станици и транспозиција на Регулативата (ЕУ) 2024/1309, во соработка со Министерството за транспорт и Агенцијата за електронски комуникации.
2. Се задолжуваат органите на државната управа да ја приоритизираат постапката за поставување базни станици и да обезбедат забрзана и ефикасна реализација во

рамките на своите надлежности, во согласност со позитивните законски прописи и подзаконските правни акти.

3. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје да ја приоритизираат постапката за поставување базни станици и да обезбедат забрзана и ефикасна реализација во рамките на своите надлежности, во согласност со позитивните законски прописи и подзаконските правни акти.

## Точка 81

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за коорганизација и претставување на Меѓународен саем на вино, храна и туризам „Винска визија“, кој ќе се одржи во Србија од 22 до 24 ноември 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од два дена да номинираат претставници кои активно ќе учествуваат на работните состаноци и во целокупниот процес за подготовка на претставувањето на Република Северна Македонија, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за организација на македонската вечер, која ќе се одржи на 22 ноември 2024 година во Белград, Република Србија.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам да изготви детален план за штандот на кој ќе се претстави Република Северна Македонија во координација со советникот за регионална соработка од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Секторот за односи со јавност да подготви промотивни материјали за претставување на Република Северна Македонија на Меѓународниот саем за вино, храна и туризам „Винска визија“.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да спроведе дипломатска пратка за транспорт на шишиња со вино (спонзорство од винарии на Република Северна Македонија) и промотивни печатени материјали за македонската вечер што ќе се одржи на Третиот меѓународен саем за вино, храна и

туризам, кој ќе се одржи во Белград, Република Србија, во периодот од 22 до 24 ноември 2024 година.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за номинирање на Национален назначен орган (NDA National designated authority), национален координатор (Focal point) и технички национален координатор (Technical focal point) за зелениот климатски фонд и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за Национален назначен орган (NDA National designated authority) кон Зелениот климатски фонд.

2. Се назначува проф. Даме Димитровски, надворешен советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за животна средина и клима за национален координатор (Focal point) кон Зелениот климатски фонд.

3. Се назначува Сандра Андовска, раководител на одделение за рамномерен регионален и одржлив развој за технички национален координатор (Technical focal point) за Зелениот климатски фонд.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена, да го извести Зелениот климатски фонд за определување на Национален назначен орган (NDA National designated authority) и за назначувањето на национален координатор (Focal point) и технички национален координатор (Technical focal point) за Зелениот климатски фонд.

## Точка 84

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со номинирање на Национален кординатор за имплементација на стратегијата за Роми 2022-2030 и Национална контакт - точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030, формирање на национално координативно тело за следење на имплеметацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и Предлог за ревидирање и измена на Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030, поради потребата да се одржи координативен состанок во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на кој да присуствуваат заменикот на претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

## Точка 85

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030, поради потребата да се одржи координативен состанок во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на кој да присуствуваат заменикот на претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |